Република Северна Македонија

Министерство за правда

ИНФОРМАЦИЈА
за примена на Законот за нотаријатот
за 2024 година

јуни 2025 година

1. ВОВЕД

1. ВОВЕД

Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2024 година, е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година и има за цел да ги презентира податоците за спроведување на Законот за нотаријатот за 2024 година од аспект на вршењето на редовната нотарска служба, односно вкупниот број на примени предмети од нотарите, финансиското работење на нотарите, наплатената судска такса, постапувањето на нотарите по оставинските предмети како повереници на судот, издавањето на решенија за нотарските платни налози, надлежноста да составуваат и потврдуваат задолжници согласно Законот за задолжница, бројот на именувани нотари и нотари на кои им престанала службата, податоци за бројот и ефектите од извршени редовни надзори и надзори по конкретни предмети на нотарите, поднесени предлози за поведување на дисциплински постапки против нотарите од страна на Министерот за правда како овластен предлагач, изречените дисциплинските мерки на нотарите кои сториле дисциплински повреди и соработката помеѓу Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

2. ЛЕГИСЛАТИВА

Нотаријатот е востановен како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции, кој позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем, а особено влијаеше врз унапредувањето и зголемувањето на правната сигурност, согласно Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ„бр. 72/16, 142/16 и 233/18).

Согласно Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.9/08), нотарите постапуваат како повереници на судовите во однос на неспорните оставински предмети.

Со Законот за извршување (“Службен весник на РМ” бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше реализиран трансферот на старите судски предмети поднесени врз основа на веродостојни исправи за кои судот

има донесено неправосилни решенија, а воедно целосно беше пренесена надлежноста нотарите да донесуваат решенијата со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа.

Согласно одредбите на Законот за задолжница („Службен весник на РМ“ бр.59/12 и 12/2014), нотарите се овластени да составуваат и заверуваат задолжници како потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност, побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.

3. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Според одредбите на член 153 став (5) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатената такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството.

Податоците користени и анализирани во оваа Информација се преземени од писмениот извештај на Нотарската комора на Република Северна Македонија, за работењето на 225 нотари.

3.1 Надлежност на нотарите да спроведуваат оставински постапки како доверена работа од судовите

Во рамките на надлежноста на нотарите во својство на повереници на судот да постапуваат по оставинските предмети во кои што начинот на распределба на имотот е неспорен, во 2024 година вкупниот број на оставински предмети доверени од судовите на постапување на нотарите изнесува 17.168 предмети, од кои решени и правосилни се вкупно 12.046 оставински предмети или 70 % од доверените предмети од судовите.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 1 за примени оставински предмети, решени оставински предмети во календарската 2022 година, 2023 година и 2024 година и процентот на успешност на решавање на овие предмети по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

Анализирајќи ги податоците за бројот на вкупно примените оставински предмети во текот на 2024 година (17.168 предмети) со бројот на вкупно примените оставински предмети во календарската 2023 година (17.118 предмети), постои зголемување на вкупно примените оставински предмети за 50 предмети.

Анализирајќи го процентот на решените оставински предмети, од аспект на бројот на примените во текот на 2024 година, забележително е благо намалување на ефикасноста на нотарите. Имено, 70% од бројот на примените предмети се решени, што претставува 2% намалување во споредба со 2023 година. Забележителен е и номинален пад на решените предмети во 2024 година (12.046), во споредба со 2023 година, кога вкупниот број на решени оставински предмети изнесувал 12.391 предмети.

Најмала ефикасност во решавањето на доверените оставински предмети во 2024 година во споредба со 2023 година, прикажуваат нотарите од подрачјето на Основен суд Дебар со 43% решени оставински предмети.

Најголема ефикасност во решавањето на доверните оставински предмети во 2024 година прикажале нотарите од подрачјето на Основен суд Кавадарци и Основен суд Свети Николе со 97%, потоа Гостивар и Радовиш со 95%, Виница со 92% решени оставински предмети.

3.2 Надлежност на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог

Нотарите донесуваат решенија за издавање на нотарски платни налози врз основа на веродостојни исправи, а судовите одлучуваат по приговори против решенијата донесени од нотарите, при што постапуваат согласно одредбите на Законот за парничната постапка во постапка по приговор на платен налог.

За потребите на анализата изготвен е Табеларен преглед Табела 2 на број на примени предлози за издавање на решение за нотарски платен налог, колку од

примените предмети се правосилни и извршни и процентот на решавање на примените предмети.

Забележан е пораст на вкупниот број на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог кој во 2023 година изнесувал 180.679 предмети, а во 2024 година изнесува 242.850 предмети, што претставува зголемување за 62.171 предмети односно 34%. Притоа овој тренд на зголемување се забележува во сите 25 подрачја на основните судови и тоа најмногу во Скопје, Куманово и Охрид, додека намалување на бројот на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог има само во Гостивар.

Процентот на реализација на предметите, односно нивна правосилност и извршност во 2024 година изнесува 60,90% од примените предмети. Во 2024 година, правосилни станале 147.904 предмети, што е 21,39% пораст во споредба со 2023 година, кога правосилни станале 121.834 предмети.

Од добиените податоци може да се констатира дека кај нотарските платни налози, 10 нотари покриваат 72% од подрачјето на основните судови на градот Скопје. Останатите 59 нотари имале вкупно 28% од нотарските платни налози.

За потребите на анализата изготвен е Табеларен преглед на број на примени предлози за издавање на решение за нотарски платен налог, колку од примените предмети се правосилни и извршни и процентот на решавање на примените предмети.

3.3 Изготвени и потврдени задолжници

Задолжницата како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти беше воведена со донесување на Законот за задолжница („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2012 и 12/2014) кој започна да се применува од 01.09.2012 година.

Интензитетот на примената на овој правен инструмент континуирано слабее, односно не се применува, па така и во 2023, како и во 2022 година во Регистарот на задолжници нема издадено нови задолжници, ниту пак избришано ниту една задолжница. Веќе 4 години наназад во Информациите на Министерството за правда

се укажува на потребата за анализа на целисходноста на Законот за задолжници кој очигледно не заживеа во правниот промет на Република Северна Македонија, и негово целосно укинување од правниот промет на државата.

3.4. Вкупен број на уписи во уписниците и финансиски резултати од работење на нотарите

Според член 153 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година до Нотарската Комора да достави финансиски писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој се наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатена такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството за правда.

Според добиените податоци од Нотарската комора од годишниот извештај за работењето на нотарите во 2024 година, 225 нотари доставиле писмен извештај за своето работење.

Според податоците, во 2024 година нотарите на територијата на Република Северна Македонија извршиле вкупно 136.627 уписи во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), 1.564.916 уписи во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), 242.850 уписи во Уписникот за нотарски платни налози, 17.168 уписи во Уписникот за доверени работи, ниту еден упис во Уписникот за протести и 67 уписи во Депозитната книга.

Споредбено со 2023 година, нотарите во 2024 година, извршиле повеќе 2.306 уписи во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), повеќе 90.309 уписи, во Уписникот за нотарски платни налози, нотарите извршиле повеќе 62.171 упис или за 34%, во Уписникот за доверени работи 50 уписи повеќе, во ДК повеќе за 66 уписи.

Притоа нотарите остварile бруто нотарска награда во износ од 1.119.851.688,00 денари (18.062.124 ЕУР) и наплатиле судски такси во вкупен износ од 181.441.278,00 денари (2.926.472 ЕУР). Вкупниот износ на трошоци кој го прикажале нотарите во работењето во текот на 2024 година изнесува 719.219.438,00 денари (11.600.313 ЕУР), а вкупниот износ на остварена нето добивка изнесува 400.661.550,00 денари (6.462.283 ЕУР).

Општ деловен уписник (ОДУ)

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 3 на вкупен број на уписи во Општиот деловен уписник ОДУ за 2022 година, за 2023 година и за 2024 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2023 година и 2024 година изразена во проценти, по подрачја на основните судови.

Од анализата на податоците за 2024 година споредбено со 2023 година, може да се констатира дека нотарите на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2024 година споредбено со 2024 година, извршиле 2.306 повеќе уписи во ОДУ уписниците (нотарските акти и солемнизации) или искажано во проценти 1,71% зголемување. Растот на предметите е евидентен кај повеќето нотари на подрачјата на Основните судови во РСМ, со исклучок на подрачјето на Основен суд Кратово каде има намалување за 25,08%, Основен суд Свети Николе со намалување за 15,57% и Основен суд Берово со намалување за 11,98%, од предметите од претходните години. Најголемо зголемување на бројот на уписите во ОДУ уписникот прикажале нотарите за подрачјето на Основен суд Крива Паланка и тоа 34,15%, Основен суд Дебар зголемување од 27,13% и Основен суд Струга за 15,56%, додека најмало зголемување е забележано за подрачјето на Основен суд Радовиш само 0,06%.

Извршена е анализа на бројот на уписите во ОДУ уписникот за градот Скопје, од каде се констатира дека 12 нотари покриле 39% од сите уписи во Скопје, а останатите 59 нотари 61%, што укажува на голема диспропорција во работата кај нотарите на скопското подрачје.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед Табела 3 на вкупен број на уписи во Општиот деловен уписник ОДУ за 2022 година, за 2023 година и за 2024 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2023

година и 2024 година изразена во проценти, по подрачја на основните судови.

Од анализата на податоците за 2024 година споредбено со 2023 година, може да се констатира дека нотарите на територијата на Република Северна Македонија, извршиле 839 уписи повеќе во ОДУ уписникот (нотарски акти и солемнизации) или искажано во проценти 1,76% зголемување.

Уписник за заверки и потврди (УЗП)

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед на вкупен број на уписи во Уписникот за заверки и потврди за УЗП за 2022 година, за 2023 година и за 2024 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2023 година и 2024 година изразена во проценти (предмети кои се однесуваат на заверка на потписи, преписи и преводи).

Во 2024 година во споредба со 2023 година, забележано е зголемување на бројот на извршените уписи „УЗП“ кај нотарите.

Бројот на уписите во Уписникот за заверки и потврди за 2024 година е зголемен за 90.309 уписи или за 6,12% повеќе, во споредба со 2023 година.

Најголемо зголемување на бројот на уписи прикажале нотарите за подрачјето на Основен суд Крива Паланка за 26,97%, Основен суд Радовиш за 17,97% и Основен суд Охрид за 11,88%, додека намалување на бројот на УЗП уписи прикажале нотарите на подрачјето на Основен суд Виница за -15,44% и Основен суд Берово за -10,94%.

4. Финансиска состојба на нотарите

Во прилог на Информацијата прикажан е табеларен преглед (табела 6) за вкупните остварени приходи на нотарите по основ на нотарска награда, расходите на нотарите, нето добивката по одбивање на расходите, просекот по нотар од соодветно подрачје по прикажан приход и просекот по нотар по остварена нето добивка во 2024 година споредбено со претходната 2023 година.

Од анализата на доставените податоци може да се констатира дека во 2024 година во однос на 2023 година забележано е зголемување на вкупните приходи на нотарите за 9,5% , а исто така и расходите се зголемени за 12,9 %, што покажува дека

во 2024 година обемот на работата на нотарите бил зголемен. Во однос на остварената добивка е констатирано дека истата е зголемена за 3,8 %. Доколку пак се спореди просекот на остварениот приход и добивка по нотар споредбено за 2023 и 2024 година е забележано дека просечниот просек по нотар по вкупен приход е зголемен за 2,7% додека пак просекот по нотар по вкупна добивка бележи намалување за -2,6 %.

4.1. Вкупни приходи

Во 2024 година нотарите остварile приходи во вкупен износ од 1.119,851,688 денари, што претставува зголемување на вкупните приходи во однос на 2023 година кога вкупните приходи изнесувале 1.022.934.294 денари или зголемување на приходот за 9,5 %.

Зголемување на приходот е забележано за скоро во сите подрачја така што од вкупно 26 подрачја на Основните судови во РСМ, во 23 подрачја приходот е зголемен, а само во 3 подрачја е евидентирано намалување на вкупните приходи на нотарите. Најголем пораст на приходите е забележан во Крива Паланка за 43 %, во Дебар за 21%, во Свети Николе за 20%, во Охрид за 18,9% . Исто така пораст на приходите има и во Крушево за 15 % , во Кичево за 13,5 %, во Неготино за 12,9%, во Скопје за 11, 8%, во Струга за 11,9% , во Делчево за 11,6%, во Тетово за 11,1%, во Ресен за 9,3%, во Прилеп за 8,5%, во Велес за 6,9% и во Куманово за 6,8%. Намалување на приходите е евидентирано за подрачјето на Основниот суд во Кратово каде има само еден нотар а незначително намалување на приходите е забележано во Берово за -2,3 % и Кочани за 0,2 %.

4.2 Расходи

Вкупните расходи на ниво на нотаријатот во 2024 година се зголемени и изнесуваат 719.219.438,00 во однос на 2023 година кога изнесуваа 637.119.666,00 денари или зголемување на расходите за 12,8%.

Ако се разгледуваат расходите по подрачја на основните судови се констатира дека во 2024 година најголем пораст на расходите прикажале нотарите од Струга за 50%,

Крива Паланка за 48%, Ресен за 40%, Свети Николе за 33,9%, Гевгелија 24,3%, Дебар за 24,2%, Битола и Неготино за 23,8%, Штип за 19,3%, Тетово за 17,2%, Гостивар за 16,6%, Прилеп за 14%, Скопје за 12%., Охрид за 11,6%.

Намалување на расходите имаат прикажано нотарите од нотарските подрачја од Кратово за -43,2 % , Велес за -5,2% , Делчево -5,1% и Берово -3,9% и Крушево за -3,3 %. Како и во изминатите години наназад останува трендот на забележано зголемено прикажување на расходите во работата на нотарите, така што од вкупно 26 подрачја на Основните судови во 21 подрачја расходите секаде зголемени а само во 5 подрачја е евидентирано намалување на вкупните расходи. Кај повеќето поединечни нотари расходот е поголем или приближно еднаков со остварената добивка, а исто така забележано е дека прикажаните расходи во работата на нотарите зафаќаат голем дел односно повеќе од половината од вкупно остварените и реализирани приходи на нотарите, а тоа е особено присутно во канцелариите со највисоко остварените приходи. Имено во 2024 година, приходите изнесувале 1.119.851.688,00 денари а расходите 719.219.438,00 денари, што укажува на зголемување на расходите за 16%. Министерството за правда смета дека е неопходно Управата за јавни приходи да направи соодветна анализа на податоците на нотарите искажани во нивните годишни сметки, бидејќи ваквите податоци ја искривуваат целокупната слика за финансиските ефекти од работењето на нотарите (приходи/ расходи/добивка) .

4.3. Добивка

Во 2024 година нотарите оствариле вкупна добивка од 400.661.550,00 денари што значи дека има зголемување од 3,8% во однос на 2023 година кога вкупната добивка изнесувала од 385.841.503,00 денари. Според обработените податоци во 2024 година е забележано пораст на добивката за 3,8 % во споредба со 2023 година, додека пак просекот по нотар по вкупна добивка во 2024 година е намален за -2,6 % во однос на 2023 година.

Зголемување на добивката во 2024 година е евидентирано кај нотарите подрачјето на Делчево за 87,3%, Крушево за 51,5%, Берово за 46,5%, Крива Паланка за 37,7%, Охрид за 33%, Кичево за 28%, Виница за 27%, Велес за 26,5%, Кавадарци за 24% и Скопје за 11,3%. Се констатира дека највисок процент на зголемување на добивката

има во помалите градови каде има помал број нотари и тоа во Делчево 2 нотари, во Крушево 1 нотар , во Крива Паланка 2 нотари, па оттука порастот на добивката во 2024 година кај овие нотари доведува до прикажан најголем процентуален пораст во добивката на нотарите од овие подрачја во однос на другите подрачја.

Во 2024 година има намалување на добивката за 10 нотарски подрачја, а позначителен пад на добивката е забележан во Гостивар за 34,8%, Гевгелија за 25,3%, во Струга за 26,9%, во Гевгелија за 25,3%, во Битола за 17,6%, Ресен за 11,8%, во Штип за 15,6%, во Радовиш за 8,5%.

Најголемите добивки на нотарите се забележани на подрачјето на Скопје, а потоа следуваат Битола, Струмица, Тетово, Куманово, Охрид, Штип, што е очекувано и одговара на големината на подрачјата и развиеноста на правниот промет во истите.

Поединечните анализи покажуваат дека за подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2024 година е забележано зголемување на просекот по остварена добивка по нотар по вкупна добивка за 4,9% што значи дека нотарите прикажале и остварile поголема добивка во однос на 2023 година. Нотарите од подрачјето на градот Скопје имаат остварено највисоки износи на поединечни добивка споредено со сите останати градови во државата. Во однос на прикажаните добивки се констатира дека 1 нотар во Скопје има остварено добивка од над 19.000.000,00 денари, 2 нотари над 8 милиони денари, 4 нотари над 7 милиони денари и 3 нотари остварile добивка од над 6 милиони денари, 5 нотари остварile добивка од над 5 милиони денари, а останатите нотари ја реализирале преостанатата добивка на подрачјето на основните судови на градот Скопје. Просекот за добивка по нотар за подрачјето на градот Скопје изнесува 2.890.310,00 денари, додека пак просекот по нотар по добивка на нотарите за сите подрачја изнесува 1.780.718,00 денари. Ова укажува на фактот дека останува констатацијата дека најголеми добивки остваруваат нотарите од подрачјето на градот Скопје и дека постои огромна диспропорција во работата и добивката на нотарите за подрачјата на другите основни судови на територијата на РСМ споредено со нотарите за подрачјето на градот Скопје. Нотарите од подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2024 година имаат остварено добивка во вкупен износ од 202.321.706,00 денари додека вкупната остварена добивка на територијата на целата држава изнесува 400.661.550,00 денари што значи дека добивката на нотарите од

Скопје изнесува повеќе од половина односно 50,5% од вкупната добивка на сите нотари од останатите подрачја на другите основни судови. Во 2024 година просекот по нотар по вкупна добивка е намален и изнесува -2,6 % , но и покрај тоа ако се земе во предвид дека во 2024 година е забележан пораст на вкупните приходи на нотарите за 9,5%, а вкупната добивка е зголемена за 3,8 %, се заклучува дека и 2024 година е успешна година во поглед на реализираните добивки на нотарите од нивното вршење на нотарската служба.

5. Именување, престанок на службата и надзор над работењето на нотарите

Бројот на нотарите за подрачјата на основните судови е определен со Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.226/16) и според Правилникот, вкупниот број на нотарите во Република Македонија изнесува 228 нотари.

Во 2024 година нотарската служба ја вршеа 225 нотари од кои во текот на 2024 година на пет нотари им престана службата нотар поради навршени 64 години возраст, а на шест нотари им престана нотарската служба по нивно барање.

Во текот на 2024 година, распишани се и 46-тиот, 47-миот, 48-миот, 49-тиот и 50-тиот Конкурс за именување на нотари, при што во 2024 година по 46-тиот Конкурс именувани се 10 нотари, по 47-миот именувани се 5 нотари, по 48-миот именувани се 9 нотари, по 49-тиот конкурс именувани се 4 нотари или вкупно се именувани 28 нотари и по 50-тиот конкурс не се именувани, а е распишан за три нотарски места на подрачјето на основните судови на градот Скопје.

Во нотарските канцеларии вкупно се вработени 664 лица, од кои 88 во својство на помошник - нотар, 178 нотарски стручни соработници, 95 нотарски приправници, 23 нотарски приправници-волонтери и 280 административни службеници. Во споредба со изминатата 2023 година, забележано е зголемување на бројот на помошници нотари и на административните службеници, нотарски стручни соработници, нотарски приправници нотарски приправници-волонтери.

6. Надзор над законитоста на работењето на нотарите

Согласно Законот за нотаријатот, министерот за правда врши надзор над законитоста на работењето на нотарите како и надзор над законитоста и ефикасноста на работењето на Нотарската комора на Република Македонија.

Надзорот над работата на нотарите кој го врши Министерството за правда е во насока на воедначување и унифицирање во постапувањето на нотарите при вршењето на нотарската служба, а надзорот по конкретни предмети се врши по поднесени претставки против работењето на нотарите.

Редовниот надзор над работењето на нотарите го опфаќа надзорот над работата на нотарите во делот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и нивното издавање, уредноста на архивата на нотарот, формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи на нотарите, елекронското водење на уписниците и имениците согласно Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр. 226/16, 80/17 и 110/18), кој започна да се применува од 01.07.2029 година, како и целокупното работење на нотарите при вршењето на нотарската служба, освен во оставинските предмети каде надзор вршат судовите кои им ја довериле работата на нотарите.

Министерството за правда во 2024 година, изврши вкупно 24 надзори, од кои 18 редовни надзори и 6 по поднесени претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози.

Министерството за правда во 2024 година прими 34 претставки, од кои 26 претставки се завршени согласно член 5 од Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.75/19) односно со одговор до

подносителите, а за останатите 8 претставки е спроведен надзор согласно Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот.

Врз основа на состојбите констатирани во Извештаите од извршените надзори, Министерството за правда како овластен предлагач согласно Законот за нотаријатот во 2024 година до Дисциплинскиот совет при Нотарската комора, согласно членот 134 став (1) и (4) од Законот за нотаријатот поднесе 17 предлози за поведување на дисциплинска постапка.

Претседателот на Нотарската комора во текот на 2024 година до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора поднел 3 предлози.

Од овие предлози Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2024 година, разгледал 15 (петнаесет) предлози за дисциплинска постапка, по што биле донесени следните одлуки:

- 1 (еден) предмет – одбиен поради застареност,
- 2 (два) предмети - јавна опомена,
- 1 (еден) предмет – јавна опомена и ослободување од одговорност по две точки,
- 3 (три) предмети - писмена опомена,
- 3 (три) предмети - парични казни
- 2 (два) предмети - ослободување од одговорност,
- 1 (еден) предмет - одложен поради добивање на списи до надлежен суд,
- 1 (еден) предмет – јавна опомена, писмена опомена и парична казна,
- 1 (еден) предмет – јавна опомена и парична казна,

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2024 година разгледал **и шест предлози** за поведување на дисциплинска постапка од кои **пет** поднесени од Министерството за правда во 2023 година и еден предлог поднесен од претседателот на Нотарска комора по што било одлучено:

- (1) еден предмет одложен поради добивање списи од надлежен суд,
- (3) три предмети – ослободени од одговорност,
- (1) еден предмет – изречена јавна опомена и писмена опомена,
- (1) еден предмет– изречена јавна опомена и парична казна.

До Второстепениот дисциплински совет во текот на 2024 година, биле поднесени две жалби од кои е разгледана и е одлучено по една жалба против одлуката на Дисциплинскот совет на Нотарската комора со која е изречена дисциплинска мерка парична казна.

Жалбата против одлуката на Дисциплинскот совет на Нотарската комора со која е изречена дисциплинска мерка парична казна, била одбиена како неоснована и решението на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора било потврдено.

Против решението на Второстепениот дисциплнски совет од страна на нотарот бил поведен управен спор кој не е завршен.

7. Соработка на Министерството за правда и Нотарската комора на Република Македонија

Министерството за правда има постојана соработка со Нотарската комора на Република Северна Македонија, се со цел да се придонесе во развојот и унапредувањето на улогата на нотарите, и придонес кон развојот на нотаријатот во Република Северна Македонија.

ТАБЕЛА 1: Оставини

ПОДРАЧЈЕ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	ОСТАВИНИ	РЕШЕНИ ОСТАВИНИ	Процент на зголемување/намалување решени оставински предмети споредбено 2023/2024
	2022		2023		2024		
Скопје	5740	4000 (69.6%)	5101	3576 (70%)	5184	3445 (66%)	-3,6%
Битола	1466	1021 (69.6%)	1507	1027 (68%)	1474	922 (63%)	-10,2%
Берово	199	147 (73.8%)	175	110 (62%)	244	164 (67%)	49%
Велес	553	396 (71.6%)	544	468 (86%)	504	370 (73%)	-20,9%
Виница	172	154 (89.5%)	148	136 (91%)	140	129 (92%)	-5,1%
Гевгелија	445	361 (81.1%)	340	277 (81%)	388	348 (90%)	25,6%
Гостивар	843	591 (70.1%)	809	535 (66%)	775	430 (95%)	-19,6%
Дебар	290	155 (53.4%)	231	150 (64%)	245	106 (43%)	-29,3%
Делчево	226	194 (85.8%)	170	137(80%)	192	157 (82%)	14,5%
Кичево	641	478 (74.5%)	500	376 ((75%)	547	347 (63%)	-7,7%
Кочани	400	348 (87%)	356	275(77%)	376	281 (75%)	2,1%
Куманово	1167	1024 (87.7%)	1045	885(84%)	1068	872 (82%)	-1,4%
Кратово	123	96 (78%)	91	74 (79%)	101	88 (88%)	18,9%
Кавадарци	321	299 (93.1%)	355	268 (75%)	287	276 (97%)	2,9%
Кр.Паланка	311	211 (67.8%)	338	175 (52%)	320	211 (66%)	20,5%
Крушево	124	93 (75%)	99	82 (82%)	82	71 (87%)	-13,4%
Неготино	271	197 (72.6%)	246	149 (61%)	211	158 (75%)	6%
Охрид	766	431 (56.2%)	719	337 (47%)	645	418 (65%)	24%
Прилеп	993	697 (70.1%)	901	630(70%)	949	640 (67%)	1,5%
Радовиш	269	247 (91.8%)	231	221 (96%)	261	247 (95%)	11,7%
Ресен	175	126 (72%)	224	135 (60%)	176	103 (59%)	-23,7%
Струга	539	297 (55.1%)	418	212 (51%)	386	290 (75%)	36,7%
Струмица	687	544 (79.1%)	572	429 (75%)	594	449 (76%)	4,6%
Св.Николе	194	174 (89.6%)	135	123 (91%)	142	138 (97%)	12,1%
Тетово	1363	1233 (90.4%)	1455	1295(89%)	1419	1223 (86%)	-5,5%
Штип	454	360 (79.3%)	408	327 (80%)	458	383 (84%)	17,1%
ВКУПНО	18732	13856 (73.9%)	17118	12391 (72%)	17168	12046 (70%)	-2,78%

ТАБЕЛА 2: предлози врз основа на веродостојна исправа

	Предлози врз основа на веродостојна исправа	Правосилни и извршни решенија 2022 (во број и %)	Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог	Правосилни и извршни решенија 2023 (во број и %)	Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог	Правосилни и извршни решенија 2024 (во број и %)	Процент на зголемување/намалување правосилни извршни решенија споредбено 2023/2024 година
	2022		2023		2024		
Скопје	91699	41433 (45.1%)	87753	53174 (60,59%)	130470	67506 (51,74%)	26,9%
Битола	7101	5561 (78.3)	7424	5750 (77,45%)	8740	5035 (57,60%)	-12,43%
Берово	770	659 (116.8%)	636	593 (93,23%)	780	725 (92,94%)	22,25%
Велес	4269	3379 (79.1%)	4854	3632 (74,82%)	4931	2694 (54,63%)	-25,82%
Виница	1067	857 (80.3%)	954	907 (95%)	1011	985 (97,42%)	8,59%
Гевгелија	4104	3297 (80.3)	3175	2316 (72,94)	3903	3096 (79,32%)	33,67%
Гостивар	5106	4449 (87.1%)	7098	6099 (85,92%)	4593	4423 (96,23%)	-27,47%
Дебар	498	408 (81.9%)	545	452 (82,93%)	786	224 (28,49%)	-50,44%
Делчево	725	599 (82.2%)	722	613 (84,9%)	1000	769 (76,9%)	25,44%
Кичево	3963	2975 (75%)	3504	2927 (83,53%)	3851	2849 (73,98%)	-2,66%
Кочани	4588	3258 (71%)	4482	2633 (58,74%)	5159	2668 (51,71%)	1,32%
Куманово	10244	7912 (77.2%)	8963	6766 (75,48%)	14623	9740 (66,60%)	43,95%
Кратово	391	298 (76.2%)	336	243 (72,32%)	406	316 (77,93%)	30%
Кавадарци	3567	2842 (79.6%)	3283	2698 (82,18%)	3641	2718 (74,64%)	0,74%
Кр.Паланка	675	519 (76.8%)	722	360 (49,86%)	912	480 (52,63%)	33,33%
Крушево	589	538 (91.3%)	366	339 (92,62%)	579	472 (81,51%)	39,23%
Неготино	1333	1243 (93.2%)	1553	1430 (92%)	1606	1465 (91,22%)	2,44%
Охрид	13901	5253 (37.7%)	13642	9315 (68,28%)	19938	13655 (68,48%)	46,59%
Прилеп	6935	6037 (87%)	7053	5309 (75,27%)	7433	6323 (85,06%)	19%
Радовиш	1565	1303 (83.2%)	1383	819 (59,21%)	1839	1405 (76,40%)	71,55%
Ресен	184	161 (87.5%)	523	392 (74,95%)	697	413 (59,25%)	5,35%
Струга	3766	2274 (60.3%)	3955	2505 (63,33%)	4069	2827 (69,47%)	12,85%
Струмица	5661	4711 (83.2%)	5593	3988 (71,30%)	5597	4755 (84,95%)	19,23%
Св.Николе	968	887 (91.6%)	1094	1001 (91,49%)	1429	1386 (96,99%)	38,46%
Тетово	6345	3940 (62%)	7533	4626 (61,4%)	9389	6570 (69,97%)	42%
Штип	4908	3074 (62.6%)	4355	3307 (75,93%)	5468	4405 (80,55%)	33,20%
ВКУПНО	184922	107867 (58.33%)	180679	121834 (67,43%)	242850	147904 (60,90%)	21,39%

ТАБЕЛА 3 : Општ деловен уписник (ОДУ)

Подрачја на нотарите	Број на ОДУ предмети во 2022 година	Број на ОДУ предмети во 2023 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2022/2023	Број на ОДУ предмети во 2024 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2023/2024
Скопје	47723	47612 (-0,23%)	48451 (1,76%)
Битола	6617	7006 (5,87%)	7171 (2,35%)
Берово	1599	1560 (-2,43%)	1373 (-11,98%)
Велес	5047	5075 (0,55%)	5507 (8,51%)
Виница	1433	1487 (3,76%)	1467 (-1,34%)
Гевгелија	2976	3006 (1%)	3258 (8,38%)
Гостивар	10932	11282 (3,2%)	10295 (-8,74%)
Дебар	868	855 (-1,49%)	1087 (27,13%)
Делчево	1984	1763 (-11,13%)	1813 (2,83%)
Кичево	2191	2159 (-1,46%)	2155 (-0,18%)
Кочани	3389	3890 (14,78%)	4028 (3,54%)
Куманово	8332	8268 (-0,76%)	8206 (-0,74%)
Кратово	260	311 (19,61%)	233 (-25,08%)
Кавадарци	3316	3059 (-7,75%)	3041 (-0,58%)
Кр.Паланка	690	653 (-5,36%)	876 (34,15%)
Крушево	412	369 (-10,43%)	340 (-7,85%)
Неготино	961	1070 (11,34%)	1211 (13,17%)
Охрид	4539	4264 (-6,05%)	4563 (7,01%)
Прилеп	5988	5991 (0,05%)	5986 (-0,08%)
Радовиш	1457	1591 (9,19%)	1592 (0,06%)
Ресен	1703	1486 (-12,74%)	1565 (5,31%)
Струга	2878	2730 (-5,14%)	3155 (15,56%)
Струмица	6864	7252 (5,65%)	7304 (0,71%)
Св.Николе	967	912 (-5,68%)	770 (-15,57%)
Тетово	6460	6224 (-3,65%)	6557 (5,35%)
Штип	4672	4446 (4,83%)	4623 (3,98%)
ВКУПНО	134261	134321 (0,04%)	136627 (1,71%)

ТАБЕЛА 4 : Уписник за заверки и потврди-УЗП

Подрачја на нотарите	Број на УЗП предмети во 2022 година	Број на УЗП предмети во 2023 година	Број на УЗП предмети во 2024 година
Скопје	607466	624282 (2,76%)	680192 (8,95%)
Битола	70908	77201 (8,87%)	81060 (4,99%)
Берово	6781	6813 (0,47%)	6067 (-10,94%)
Велес	38780	39125 (0,88%)	42473 (8,55%)
Виница	8611	11008 (27,83%)	9303 (-15,44%)
Гевгелија	25301	24749 (-2,18%)	24998 (1%)
Гостивар	58760	61698 (5%)	64516 (4,56%)
Дебар	11974	12294 (2,67%)	12324 (0,24%)
Делчево	10595	11121 (4,96%)	10934 (-1,68%)
Кичево	29415	31837 (8,23%)	31332 (-1,58%)
Кочани	26788	28869 (7,76%)	29745 (3,03%)
Куманово	91863	95724 (4,2%)	97223 (1,56%)
Кратово	2929	2761 (-5,73%)	2813 (1,88%)
Кавадарци	30393	29764 (-2,06%)	32600 (9,52%)
Кр.Паланка	14545	16224 (11,54%)	21109 (26,97%)
Крушево	2464	2663 (8,07%)	2480 (-6,87%)
Неготино	11422	11117 (-2,67%)	11044 (-0,65%)
Охрид	46979	47357 (0,80%)	52987 (11,88%)
Прилеп	53356	53413 (0,10%)	54946 (2,87%)
Радовиш	19788	16330 (-17,47%)	19266 (17,97%)
Ресен	12295	11038 (-10,22%)	10898 (-1,26%)
Струга	31316	30375 (-3%)	31405 (3,39%)
Струмица	53006	52081 (-1,71%)	53575 (2,86%)
Св.Николе	11455	11154 (-2,62%)	11643 (4,38%)
Тетово	110073	115261 (4,71%)	116996 (1,50%)
Штип	47706	50348 (5,53%)	52987 (5,24%)
ВКУПНО	1434969	1474607 (2,76%)	1564916 (6,12%)

Подрачје	Бруто приходи	Расходи	Бруто приходи	Расходи	Бруто Приходи	Расходи	Вкупно нето приход (ДОБИВКА)			Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	Просек по нотар по вкупен приход	Просек по нотар по добивка	% на зголемување/намалување на бруто приход	% на зголемување/намалување на расход	% на зголемување/намалување на добивка	% на зголемување/намалување на просек по нотар по вкупен приход	% на зголемување/намалување на просек по нотар по вкупна добивка
	2022		2023		2024		2022	2023	2024	2022		2023		2024		2023/2024	2023/2024	20232024	2023/2024	2023/2024
Скопје	469,982,195	286,833,315	475,615,800	293,824,350	531,547,271	329,225,564	181,979,761	181,791,496	202,321,706	7,147,557	2,757,269	7,206,300	2,754,416	7,593,532	2,890,310	11.8	12.0	11.3	5.4	4.9
Битола	52,537,940	30,654,066	56,994,501	29,177,939	59,027,194	36,118,482	21,883,874	27,816,562	22,908,712	3,752,710	1,563,133	4,384,192	2,139,735	4,216,228	1,636,336	3.6	23.8	-17.6	-3.8	-23.5
Берово	6,172,667	4,795,779	6,003,274	4,790,641	5,864,055	4,605,327	1,376,888	1,212,813	1,258,728	2,057,555	458,962	2,001,091	404,271	2,932,027	629,364	-2.3	-3.9	3.8	46.5	55.7
Велес	23,890,516	14,934,916	25,054,511	15,485,233	26,780,246	14,679,310	8,955,600	9,569,278	12,100,936	3,412,930	1,279,371	3,579,215	1,367,039	2,975,582	1,344,548	6.9	-5.2	26.5	-16.9	-1.6
Виница	5,907,479	4,216,247	4,906,628	3,609,451	5,315,559	3,688,256	1,691,232	1,297,177	1,647,303	2,953,739	845,616	2,453,314	648,588	2,657,779	823,651	8.3	2.2	27.0	8.3	27.0
Гевгелија	23,277,148	13,014,754	24,144,462	13,941,605	24,952,367	17,331,423	10,262,394	10,202,311	7,620,944	4,655,429	2,052,478	4,828,892	2,040,462	3,564,623	1,088,706	3.3	24.3	-25.3	-26.2	-46.6
Гостивар	37,081,588	26,935,272	39,437,845	28,913,762	40,564,471	33,702,996	10,146,316	10,524,083	6,861,475	3,371,053	922,392	3,585,258	956,734	3,687,679	623,770	2.9	16.6	-34.8	2.9	-34.8
Дебар	7,019,733	3,280,916	6,535,078	4,581,087	7,930,208	5,688,234	3,738,817	1,953,991	2,241,974	2,339,911	1,246,272	2,178,359	651,330	2,643,402	747,324	21.3	24.2	14.7	21.3	14.7
Делчево	6,834,092	4,728,902	6,429,044	5,267,933	7,174,971	4,999,754	2,105,190	1,161,111	2,175,217	3,417,046	1,052,595	3,214,522	580,555	3,587,485	1,087,608	11.6	-5.1	87.3	11.6	87.3
Кичево	16,665,796	11,396,035	16,260,714	12,141,616	18,463,896	13,157,591	5,269,761	4,119,098	5,306,305	2,380,828	752,823	2,032,589	514,887	3,077,316	884,384	13.5	8.4	28.8	51.4	71.8
Кочани	19,731,942	10,473,609	21,558,737	12,876,681	21,522,205	12,894,871	9,258,333	8,682,056	8,627,334	3,946,388	1,851,666	4,311,747	1,736,411	4,304,441	1,725,466	-0.2	0.1	-0.6	-0.2	-0.6
Куманово	46,816,318	30,675,253	47,916,408	33,270,049	51,170,936	35,869,772	16,151,065	14,646,359	15,301,164	3,601,255	1,242,389	3,685,877	1,126,603	3,411,395	1,020,077	6.8	7.8	4.5	-7.4	-9.5
Кратово	2,772,311	1,299,073	3,140,924	2,163,808	2,369,816	1,229,080	1,473,238	977,116	1,140,736	2,772,311	1,473,238	3,140,924	977,116	2,369,816	1,140,736	-24.6	-43.2	16.7	-24.6	16.7
Кавадарци	21,483,310	12,542,532	22,244,332	14,106,729	23,742,325	13,653,325	8,940,778	8,137,503	10,089,000	3,580,551	1,490,129	3,707,388	1,336,250	3,957,054	1,681,500	6.7	-3.2	24.0	6.7	25.8
Крива Паланка	4,168,509	2,051,410	4,839,557	2,289,960	6,919,841	3,408,700	2,117,099	2,549,597	3,511,141	2,084,254	1,058,549	4,839,557	2,549,597	3,459,920	1,755,570	43.0	48.9	37.7	-28.5	-31.1
Крушево	1,624,109	646,836	1,923,553	1,277,307	2,214,130	1,234,790	977,273	646,246	979,340	1,624,109	977,273	1,923,533	646,246	2,214,130	979,340	15.1	-3.3	51.5	15.1	51.5
Неготино	9,109,489	6,246,742	9,617,908	6,450,882	10,858,301	7,985,751	2,862,747	3,167,026	2,872,550	4,554,744	1,431,373	4,808,954	1,583,513	5,429,150	1,436,275	12.9	23.8	-9.3	12.9	-9.3
Охрид	35,521,077	23,559,089	32,064,311	20,979,789	38,133,070	23,420,241	11,961,988	11,084,522	14,742,829	5,074,439	1,708,855	4,580,615	1,583,503	4,766,633	1,842,853	18.9	11.6	33.0	4.1	16.4
Прилеп	32,981,930	21,625,862	34,021,779	21,588,710	36,907,463	24,620,827	11,356,068	12,450,364	12,268,636	3,664,658	1,261,785	4,252,722	1,566,295	4,100,829	1,842,853	8.5	14.0	-1.5	-3.6	17.7
Радовиш	9,322,217	6,697,826	10,055,012	7,221,285	10,116,735	7,524,145	2,624,391	2,833,727	2,592,591	4,661,108	1,312,195	5,027,506	1,416,863	5,058,367	1,296,295	0.6	4.2	-8.5	0.6	-8.5
Ресен	6,937,741	4,608,100	6,565,623	2,626,517	7,175,820	3,700,351	2,329,641	3,939,106	3,475,469	2,312,580	1,164,820	2,188,541	1,313,035	2,391,940	1,158,498	9.3	40.9	-11.8	9.3	-11.8
Струга	22,255,644	12,865,013	22,204,950	11,136,129	24,852,079	16,763,870	9,390,631	11,068,821	8,088,209	3,709,274	1,565,105	3,700,825	1,844,803	3,550,297	1,153,458	11.9	50.5	-26.9	-4.1	-37.5
Струмица	43,208,502	22,680,313	43,324,655	26,346,661	44,929,161	28,823,475	20,528,189	16,987,994	16,105,686	4,320,850	2,052,818	4,332,465	1,698,799	4,492,916	1,610,568	3.7	9.4	-5.2	3.7	-5.2
Свети Николе	7,920,215	5,020,744	7,677,689	3,590,804	9,220,285	4,809,851	2,899,471	4,086,885	4,410,434	2,640,071	966,490	2,559,229	1,362,295	3,073,428	1,470,144	20.1	33.9	7.9	20.1	7.9
Тетово	54,214,348	38,059,840	57,651,831	39,328,463	64,070,171	46,094,107	16,154,508	18,323,368	17,976,064	3,872,453	1,153,893	4,434,756	1,409,489	4,567,440	1,284,004	11.1	17.2	-1.9	3.0	-8.9
Штип	35,597,003	20,857,646	36,745,168	20,132,275	38,029,112	24,009,345	14,739,355	16,612,893	14,019,067	3,559,700	1,473,935	3,674,516	1,661,289	3,457,192	1,274,460	3.5	19.3	-15.6	-5.9	-23.3
Вкупно	1,003,033,819	620,700,090	1,022,934,294	637,119,666	1,119,851,688	719,219,438	382,993,380	385,841,503	400,661,550	5,179,331	1,974,192	4,848,029	1,828,632	4,977,118	1,780,718	9.5	12.9	3.8	2.7	-2.6

Табела: 6

Подрачје на нотар	Вкупен приход до 1 милион ден.			Вкупен приход од 1 до 2 милиони ден.			Вкупен приход од 2 до 3 милиони ден.			Вкупен приход од 3-5 милиони ден.			Вкупен приход над 5 милиони ден.			Добивка до 1 милион ден.по прикажани трошоци			Добивка од 1 до 2 милиони ден. По прикажани трошоци			Добивка од 2 до 3 милиони ден.по прикажани трошоци			Добивка од 3-5 милиони ден.по прикажани трошоци			Добивка над 5 милиони ден.по прикажани трошоци			Број на нотари
	20222	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	2022	2023	2024	
Скопје	2	5	8	7	7	5	5	7	6	12	9	12	12	38	39	18	18	26	16	16	11	7	7	9	11	11	8	13	14	16	70
Битола						1	5	5	3	2	4	6	4	4	4	3	3	6	8	8	6			2	2	2					14
Берово		1			2		1	1			1	2				3	3				2										3
Велес			1			2	3	3	2	4	4	4	4			3	3	3	3	3	2	1	1	3			1				9
Виница							1	1	2	1	1		1			1	1	1	1	1	1										2
Гевгелија			1			2	1	1		2	2	4	2	2		3	3	4	1	1	1			2	1	1					7
Гостивар				2	2	3	5	5	3	2	2	2	2	2	3	7	7	7	1	1	3	3	3	1							11
Дебар	1		1	1	2	1				1	1		1		1	2	2	2						1	1	1					3
Делчево							1	1	1	1	1	1	1			1	1	1	1	1	1										2
Кичево		2		3	1	2	1	3		3	2	4	3			3	7	4	2	1	1	1		1							6
Кочани		1	1	1						3	3	2	3	1	2	1	1	2	2	2	1	1	1	2	1	1					5
Куманово			1	1	1	3	6	6	6	4	4	4	4	2	1	8	8	10	3	3	1	1	1		1	1	3			1	15
Кратово							1	1	1										1	1	1										1
Кавадарци							1	1		5	5	6	5			2	2		2	2	5	1	1	1	1	1					6
Кр.Паланка	1	1								1	1	2	1			1	1		1		1			1							2
Крушево				1	1				1							1	1	1													1
Неготино										2	1	1	2	1	1	1	1				2	1	1			1					2
Охрид				1	2	1			1	3	2	4	3	3	2	2	3	1	4	2	5					1	2	1	1		8
Прилеп	1		1		1	1	2	1		4	3	4	4	3	3	3	1	3		4	3		3	3							9
Радовиш		1					1					1		1	1	1	1	1					1	1							2
Ресен		1		1		1	2		2		2						1	2	2	1			1	1							3
Струга		1	1		1		2	1	1	3	2	1	3	1	2	1	2	4	1	1	2	3	1	1		2					7
Струмица		1			1	2	2	1	2	5	4	5	5	3	3	3	4	5	3	1	2	2	1	1	2	3	2		1		10
Св.Николе					1			1	2	1	1	1	1					1	2	3	1			1							3
Тетово					2	1	4	2	4	5	5	4	3	4	5		5	7		4	4	6	3	1	1	1	2				34
Штип		1	1	1		2		3	3	5	5	3	1	1	2	2	2	6	6	5	1	1	2	2		1	2	1			10
ВКУПНО	5	15	16	25	22	27	47	41	40	71	69	73	65	64	69	81	81	97	71	61	57	23	27	34	22	26	20	14	16	17	225